


Рената Максимова

# ИНКЛУЗИВНИОТ поВИК НА СОНИК

работна практика на една
образовна асистентка

"ИНКЛУЗИВНИОТ поВИК НА СОНИК" претставува дело во кое се опишува личното искуство на една образовна асистентка низ нејзиното работење во образовниот процес со ученичка која се соочува со потешкотии во својот развој, адаптацијата во училишниот контекст  и усвојувањето на академските знаења.

Ликовите кои се обработуваат во оваа  дело се "Реника" дипломиран психолог во улога на образовна асистентка, која во почетниот дел го објаснува значењето на ова име расчленето по составните букви, секоја со свое значење во креирањето на општество кое е инклузивно и притоа нуди можности каде се препознаваат и вреднуваат различностите по сите основи.
"Соник" е  ученичката со која во реалноста се работи. Името претставува комбинација на почетните букви  од нејзинито име, а остатокот (ник) укажува на "победа" низ активност на препознавање и конструктивно насочување на личните потенцијали, а со тоа и нивно издигнување до степен на  максимално ниво. Воедно името Соник е "позајмено" од истоимениот цртан со симболично значење кое укажува на борбата против "неправдите", во конкретниот случај во институционалното функционирање и потребата за општествени промени. Метафоричо се користи ова име кое претставува компарација на начинот на кој живее еден еж со заложбите за почитување на човековите права на лицата кои се соочуваат со одредени потешкотии во својот развој и нивните напори за постигнување на ниво во развојот кој ги истакнува нивните максимални способности. Во суштина за ежот е својствен процесот на хибернација при соочување со екстремни услови но се случува кога е премногу изгладнет да излезе и преку ден во потрага по храна. Симболично со овој начин на живеење на ежот, се поистоветува нужната потреба од општествени промени кои ќе им овозможат на лицата со развојни потешкотии достоинствен начин на живот, за разлика од досегашниот кој бил исполнет со стигми, предрасуди и сегрегација во посебни институции.

Во ова дело се прикажуваат одредени ситуации во училишниот контекст кои од навидум "проблематични" и со предизвикувачки карактер, се преобликувани во сублимирачки правец односно помалку добрите особини и постапки се канализирани во едно конструктивно светло.

Притоа се дава објаснување за важноста од препознавање на критичните аспекти кои се однесуваат на когнитивните, афективните и конативните области кои го условуваат развојот на секоја една единка. Делувањето во насока на надминување на предизвикувачките состојби преку зајакнување на сознајно - емотивно - социјалните вештини, препознавањето на областите на интересирања на детето и примената на индивидуализираниот пристап адаптиран според нив, придонесува кон побрзо и полесно усвојување на предвидените наставни содржини од воспитно-образовен карактер.

*СИМБОЛИЧНА БАЈКА* **: СВЕТОТ ВО БОИТЕ НА ИНКЛУЗИЈАТА**

*ПРЕДГОВОР*

Визијата на "штрумфастичното ЈАС СУПЕРХЕРОЈСКО ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО" го засноваме на симболична интроспектива на "Азбучното искуство Реника".

*ВОВЕД*

Моето име е штрумфастична Реника интринзичен облик на преродбата од екстринзичната Рената.
"ЈАС сум суперхероина" во очите на поединците кои се соочуваат со развојни попречености и олицетворение на улогата и работа на сите чинители на општествено-образовната инклузија.

Одржувањето на "Престолот на суперхеројство" е засновано на принципот на дејствување кон градење на "штрумфастичност" исполнета со добротворни дела, мегаломански знаења, великодушни чувства,"штрумфастични" карактеристики и потенцијали манифестирани во облик на градење на општествена добросостојба.
За возврат "штрумфастичната" заедница секој "штрумфастичен" поединец го закитува со круната која зрачи долговечна осветленост водејќи го низ хоризонтот на опстојувањето.

Ако пак на патот светлината се затскрие од затемнетите, згуснати облаци кои се судираат меѓусебно, напомош при смирувањето на громогласниот татнеж се придружуваат "г-ѓа Јанг А" како симбол на добрината и "г-ѓа Суперкет Љ" како одраз на издржливоста.
А по поројот на бурните капки од натежнатите облаци небото се исполнува со блесокот на виножитото претставено со боите на љубовта, оптимизмот, поддршката, разбирањето, истрајноста, флексибилноста, напредокот.

*ПОГЛАВЈЕ Р*

Р1 Подавам рака на ранливите кои во течението на речното корито наречено живот се соочиле со регрес во развојниот процес.
Р2 Навивам да ритамот во рингот на различностите ја надмине репресијата и заземе ранг на реализација според реалните потреби обликувајќи ново руво на индивидуалното и општественото опстојување.
Р3 Покажувајќи разбирање развивам резилиентност пред барањата на "издигнатиот рид" и "запуштената рамнина".
Р4 Растам во радоста на ронливите капки на зората кои се предвесник на револуцијата во инклузијата.
Р5 Го ревидирам речникот на однесувања и раскажувам во редовите од романот наречен инклузија.

*ПОГЛАВЈЕ Е*

Е1 Доставувам E-mail до еманципацијата за ембаргото на ентузијазмот во енциклопедијата на "етикетираните ежиња".
Е2 Емоционалното ехо го обојувам со елан на емпатија.
Е3 Во ентериерот на енигматското его дејствувам врз база на етиката.
Е4 Во епруветата за енергично единство ги вклучувам елементите еден за сите, сите за еден.

*ПОГЛАВЈЕ Н*

Н1 Со насмевка од надеж водам натпревар со нуспроизводот на ножното сечило кој создал насип од рана на наведнување, и издавам налог- пренамена на ножното сечило во насока на отстранување на наметката од препреки.
Н2 Ја напуштам нивата на нетрпеливост и облекувам носија накитена со нежност.
Н3 Нуркам во длабочините на немирното море, се борам со невремето а од небото олицетворението на нимфата ми намигнува. Ја здогледува нужната потреба од чекор напред и создава нагорна низа од скалила.
Н4 Во нотесот на наследството сум номинирана за награда со назив "началник во борба на нерамноправноста".

*ПОГЛАВЈЕ И*

И1 Врвот од иглата на искривената исплашеност го искористувам како инструмент во инвазискиот изгрев на идеали илустрирани во изложбата на инклузијата.
И2 Инсталирам итност за надминување на интолерантноста кон индивидуалните интересирања.
И3 Иницирам истрага за испитот на интрига, илузија, импровизација, имитација и инфлација на вредности.
И4 Се искачувам во империјата на интелигенција, интуиција, имагинација, истрајност, инклузивна ИДНИНА.

*ПОГЛАВЈЕ К*

К1 Креирам трпение кон улогите во филмот на "колегијалното кино" кои ја креваат температурата на клокотењето во котелот на кооперативноста.
К2 Заглавената кочница во книгата на каменитите толкувања ја канализирам во правецот на колоритниот компас на едукацијата.
К3 Кревам крик пред круната на дрвото со извитканите гранки од заглавениот клуч во коренот на причините.
К4 Комплексната компилацијата на инклузивната кохезија ја компонирам вклучувајќи ги карактеристиките од сите варијации при вртењето на коцката.

*ПОГЛАВЈЕ А*

А1 Описменувајќи со алатки од архивата на адаптацијата, аплаузот, афирмацијата ја проширувам адресата на автентичната животна автономија.
А2 Анатомијата на "менталната анорексија" ја лекувам со апокалиптичен поглед за атрофирање на аномалијата.
А3 Преку алармот во атласот на животот апелирам кон "автобуската дестинацијата" која е вовед во надминување на ставовите на "авторите на алекситимијата".
А4 Алтруистички чекорам кон составување на секој атом на еликсирот на "инклузивната алхемијата".

ЗАКЛУЧОК - Проширувањето на нашиот ментален склоп и прифаќањето на поинаква ментална мапа од нашата е индивидуален избор, но покажувањето на почит кон туѓото гледиште, можности, потенцијали и овозможувањето на услови да на еден простор опстојуваат различностите е базата за градење на функционална инклузивна кохезија.

***Забелешка: мотивот за употреба на  терминот штрумфастичност во текстот претставува одраз на  пораката содржана во цртаната серија за градење на заедница на соработка, пријателство, споделување кадешто секој поединец е добар за нешто и со тоа допринесува за колективната добросостојба, а за возврат заедницата овозможува достоинствено егзистирање низ реализирање на индивидуалните потреби.

"Учете го вашето дете на наука, не со сила туку со игра."– Платон

"Човекот станува најблизок со себе дури кога ќе постигне таква серизност, која детето ја има додека си игра." - Хераклит

Преку играта децата го осознаваат светот околу себе, го задоволуваат чувството на љубопитност и ја развиваат својата креативност. Таа е есенцијална и доминатна активност во детството на секој поединец. Нејзината основна улога е овозможување на забава и слободно изразување во детското однесување, но со себе носи и огромен број на други значајни придобивки.
Покрај поттикнување на моториката и физичкиот развој, играта исклучително важна улога завзема и во развојот на социо - емоционалниот аспект во животот на детето. Преку неа се стимулираат комуникациските вештини, вербалното изразување и способноста за заедничко делување. Децата играјќи меѓусебно ги согледуваат општествените правила и учат како да ги почитуваат, развиваат чувство на еднаквост, толеранција, соработка, емпатичност.
Игровниот процес претставува значаен аспект во формирањето на позитивно, креативно и логичко размислување, кое води кон конструктивно решавање на проблемските ситуации. Вклучувајќи се во игрите на улоги децата ги изразуваат своите ставови и интереси, се чувствуваат способни, развиваат чувство на самоконтрола и самодоверба,учат да превземат одговорност за сопствените одлуки, едноставно се подготвуваат за подоцнежните фази од животот. Преку процесот на играта се поттикнуваат и когнитивните аспекти од развојот, се насочува вниманието, се проширува меморијата и се градат индивидуални перцепции за светот.

Излегувањето од класичниот метод на формална настава и создавањето на услови за реализирање на наставните содржини во облик кој е близок до секојдневното функционирање на детето води до доживување кое е исполнето со слободно интерпретирање на мислите и емоциите кои во поинакви услови можат да се манифестираат во еден затворен облик. Прилагодувањето на воспитно - образовните содржини во правец на интересирањата на детето и нивната реализација во форма на игровна активност создаваат релаксирачка атмосфера на часот а истовремено овозможуваат усвојување на знаења и вештини корисни во развојот на детето како индивидуа.

## ПРЕКУ ИГРА ДО ОТСТРАНУВАЊЕ НА ТЕЖИНАТА ОД "ЕМОТИВНАТА ЦИГЛА"

Кога часот од интензивни, непријатни емоции станува тесен, може да се реализира на начин опуштен и полесен.
"Во тебе верувам, на дело се трудам така да делувам."
Настапува Реника со своја тактика, зборовите би биле залудни ако не се спроведат во практика.
Соник дека на часот не мора да пишува со насмевка се насладува, а всушност вака несвесно нова вештина совладува.
На Реника како своја асистентка и прави фризура со плетенка. Што Соник кога ќе порасне ќе биде, фризер или музичар, низ разговор планови прават така меѓусебно близина и доверба градат.
И додека ја вежбаат вербалната комуникација, навлегуваат во математичка операција.
Косата поделена на колку дела ја прави плетенката да биде цела?
И должината на косата ја одредуваат, кој има подолга или пократка се споредуваат.
...
И вака одржаниот математички час го води ученикот/чката кон поголем раст.

"Нашето трпение ќе достигне многу повеќе отколку нашата сила." − Едмунд Бурк

"Трпението е горчливо, но плодот му е сладок." - Аристотел.

Со помош на многубројните когнитивни и интелектуални процеси, човекот врши непосредно осознавање на сè она што го опкружува, ја спознава т.н објективна реалност.
Или со други зборови, сите тие негови сознанија за предметите, појавите, случувањата, настаните, луѓето и сè останато околу себе, ги толкува и вреднува водејќи се од сопствените чувства и емоции. Давајќи емотивен тон на живеењето, човекот воспоставува свој личен однос и гради свои препознатливи ставови, очекувања, навики и вредности.
Емоциите претставуваат составна и неопходна компонента во животот на секој поединец. Се одликуваат со значајна, двојна функција која подразбира воспоставување комуникација и прилагодување во средината. Секоја емоционална реакција е проследена со комбинација на внатрешни органски промени, емоционално однесување и доживување. Многубројните физиолошки промени кои настануваат го мобилизираат организмот, овозможувајќи му оспособување за полесно справување со неочекуваните животни (училишни) ситуации.
Усвојувањето на емоционалните вештини од најмали нозе е клучно за воспоставување на здрави врски, кои придонесуваат за одржување на психолошката добросостојба.
Примената на активности чија намена и цел се во насока на развој и зајакнување на фината моторика, стимулирање на вниманието, концентрацијата, визуелната перцепција, координација око-рака... последователно со себе носи и поволни ефекти кои влијаат врз воспоставувањето на емотивен баланс, надминување на лабилноста односно зајакнување на афективниот аспект на индивидуата кој и овозможува поволна лична и општествена функционалност.

## ПОВЕЌЕ ПРИДОБИВКИ ЌАРЕНИ НИЗ АКТИВНОСТ СО ЛАСТИЧИЊА ШАРЕНИ

На шишарката Соник фустанче и крои со ластичиња во шарени бои. Во активноста Соник настапува соло, го облекува на шишарката нејзиното тело голо.
Дури помош бара и се буни, Реника од страна седи и дека е зафатена глуми. Обиди се сам, дека ова го можеш добро знам. Па додека шишарката се ниша и паѓа тоа во главчето на Соник мисли со решенија раѓа. Постепено шишарката ја врти а смиреност и трпеливост во него почнува да рти.
И кога мислеше дека заврши сè, Реника му соопшти дека вежбата опфаќа активности две. Браво за ова "облекување" вешто, но сега треба да ги вратиш ластичињата на свое место. Со погледот Соник ја стрела, во него се разбуди лутина врела, но сепак продолжи со истрајност смела.
Од страна Реника гледа, ова му се виде задача тешка, многу бавно со прстињата чепка. Но за овој "проблем горлив", при рака му се најде еден молив. Покажува со својата рака, види полесно е вака.
Ги чепка со моливот па ги вади со своите прсти, извадените од шишарката ластичиња ги подредува по боја и големина според нивните врсти.
Следејќи ја активноста на Соник, Реника низ оваа опсервација увиде дека освен емотивно зајакнување, целта на активноста се прошири и во својство на класификација.

"Дајте упатства само на оние кои бараат знаење кога ќе го откријат своето незнаење. Дајте помош само на оние кои не знаат како јасно да ги изразат своите негувани мисли. Научете ги само оние кои се во можност, откако научиле за еден агол на плоштадот, да ги замислат другите три." - Конфучие

Психолошките конфликти претставуваат судир на мотиви со кои се соочува индивидуата на едно интернализирано ниво. Честопати резултатот од нив се манифестира во форма на однесувања кои се противречни едни на други, превземањето на акција и процесот на донесување одлуки се бавни, со одложувачки карактер проследени со манифестирање на одбранбени механизми со цел моментално да се ублажи ефектот од новата и помалку позната ситуација која предизвикува состојба на неодлучност, несигурност, или во крајна екстремност се доживува како директен атакт врз сопственото его.
Примената на одбранбени механизми од типот на негација како најизразена кај популацијата на деца, надоврзувајќи се со облици од типот на регресија, репресија, преместувања, проекција... носат моментален смирувачки ефект, но честото нивно практикување може да доведе до состојба во која самата индивидуа во поекстремен облик го пренасочува вниманието кон своите "ментални креации" кои можат да претставуваат облик кој е во расцеп со реалноста. Сублимацијата или облагородувањето е најпозитивен одбранбен механизам преку кој однесувањата кои се во спротивност со општите норми на однесување се канализираат во форма на изразување која е општествено и социјално прифатлива.
Во конкретниот случај ригидното однесување проследено со дистанцирање од училишните обврски е насочено во правец на доживување како игра која освен одредена доза на забавен карактер носи и едукативна нота но и опфаќа градење на доверба помеѓу детето/ученикот и претпоставениот авторитет, и уважување на потребите и начинот на однесување на детето кои укажуваат на случувања кои се одраз на неговата внатрешна структура.

## КОНСТРУКТИВНО НАСОЧУВАЊЕ НА "СТРЕСНО" ДОЖИВУВАЊЕ

Со тоа што идеите негови ги дозволува, своите цели на часот ги соборува. Прилегнат врз тетратката како да спие, до себе држи од страната книга, па што пишува од Реника крие.
А Реника смирено за помош се нуди, од нејзината постапка најпрвин се чуди, но и притаена насмевка на лицето од Соник се буди.
Пишувањето да биде полесно, книгата од страна често да не прави трас, дозволи Соник да ја придржувам јас. Па така книгата што од страна Соник ја постави како "ограда од цигла" сега стана дел од активноста како едукативна игра. Под око Реника што пишува го надгледува, дека е висока оградата се шегува.
Полека се отвара "затворената брава", па започнува упатства во пишувањето да му дава. И ѕвончето за завршетокот на час отпочнува да ѕвони, а Соник во тетратката напиша цела страница букви подредени како вагони.

"Зборот трпеливост означува подготвеност да стоиме тука каде што сме и да ја проживееме ситуацијата најдобро што можеме, верувајќи дека нешто скриено ќе се открие пред нас." - Хенри Новен

Стресот е неодминлива појава во секојдневното индивидуално и општествено дејствување кој претставува одговор на индивидуата кон загрозувачките ситуации со коишто се соочува. Факторите кои се јавуваат како причина за појавата на стресот се разновидни но воглавно потекнуваат од внатрешните конфликти и фрустациите со кои се соочува еден поединец. Препознавањето на факторите кои се од стесоген карактер за поединецот и изнаоѓањето начин да се насочат во конструктивна форма се одраз на поседување на техники кои овозможуваат елиминирање или намалување на ефектите од стресот.
Стратегии кои придонесуваат кон поадаптибилно соочување со училишните и воопшто со животните предизвици се: промена на пристапот кон проблемот, подготвителна активност за стресот кој што претстои, промена на намерата, промена на гледиштето преку кое перцепираната закана преминува во предизвик...

"ВНАТРЕШНИОТ КРИК" СТАНУВА ПРЕДИЗВИК

Додека Реника објаснува и зборува Соник ја имитира и движењата нејзини ги повторува, потајно кога часовите ќе завршат одбројува.
Се сети и му рече Реника во ред, учител ти биди, во себе си мисли како ѝ е нејзе нека види.
Под мустак Соник се смешка, но да го одржи туѓото внимание сфаќа дека му е задача тешка.

"Самодовербата не е верба во сопственото совршенство, туку независност од проценките на другите за вашата несовршеност." - Валтер Скот

Самодовербата претставува конструкт кој разгледуван од поопшта формулација се однесува на степенот на верба во сопствените можности, потенцијали, способности, кој во зависност од интензитетот на вреднување се јавува во форма на ниска и висока самодоверба. Тргнувајќи од оваа позиција согледувајќи ја самодовербата како особина која се протега на еден континиум, логичен заклучок би бил дека секој поединец поседува самодоверба но таа се јавува со различен интензитет и правец во зависност од аспектите кои ги вреднуваме и оценуваме како поволни или помалку поволни. Себевреднувањето е условено од поширок спектар на фактори, но неминовно како еден од нив се јавува и начинот на кој сме перцепирани и нормите кои се доминантни и општо прифатени  во рамки на контекстот каде што дејствуваме. Следствено на ова препознавањето на своите потенцијали, заложбата за нивно канализирање во форма која ќе овозможи нивно максимизирање и преобразување во продуктивен резултат нѐ води кон јакнење на чувството на самодоверба, а опонентната ситуација во која акцентот се става на продлабочување на размислата за она што не спречува во секојдневното функционирање ја поткопува самодовербата со тоа што се делува во насока на потенцирање на помалку развиените потенцијали наместо во правец на превземање на акција со кои ќе се минимизира нивниот ефект.

Разгледувајќи ја личноста од еден холистички пристап, аспектите на дејствување тргнувајќи од физичкото, социоемотивното, когнитивното поле на егзистенционирање се меѓусебно поврзани и промените во еден аспект се манифестираат и делуваат со помала или поголема мера во останатите аспекти од развојот на секоја единка.

Возрасните индивидуи развивајќи свесност за сопствените карактеристики намерно и насочено можат да делуваат кон нивно зајакнување и градење на сопствената личност доведувајќи ја во позиција која им овозможува физичка и душевна добросостојба.

Кај децата особено кај оние кои во сопствениот развој наидуваат на одредени потешкотии и препреки  овој процес понекогаш е отежнат поради пониското ниво на нивните метакогнитивни особености. Сепак делувањето на еден аспект се одразува врз останатите со кои се одликува една единка.

Во продолжение претставениот пример посочува како може да се делува на зајакнување на самодовербата односно позитивното себевреднување преку ин/директни промени тргнувајќи од физичкото однесување.

## МЕНТАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НИЗ ПРОМЕНА НА ТЕЛЕСНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

(*** За да во учење оствариш поголема берба, зголеми ја твојата самодоверба.)

На големиот одмор во училишниот двор Соник со наведната глава оди, Реника покрај него за раче го води.  Со мисла ако продолжи постојано надолу да гледа, сликата за светот често ќе му биде "бледа".

Реника со прстот покажа, еве една пеперутка високо лета, а Соник со погледот кон горе почна да шета. Па продолжи да го потпрашува во која боја се покрај патот изникнатите сливи, колку на број се над нив облачиња сиви.

И дури Соник одговорите свои ги кажува, исправено телото и погледот кон горе го одржува, а со тоа однесувањето проследено со ниска самодоверба го ублажува.

Веќе мотивирано почнува да одговара на прашањето следно, така и чувството за себе станува повредно.

"Сите работи се тешки пред да станат лесни." - Саади.

Движејќи се детето низ просторот ги осознава неговите и карактеристиките на предметите кои го исполнуваат. Низ развојот со преминувањето во училишниот контекст се интезивира потребата за развој на фината моторика која како вештина е неопходна во процесот на пишување, цртање, сечење, моделирање, извршувањето на секојдневните навики од типот на самостојно хранење, облекување итн.

Примената на игровни активности од разновиден карактер придонесува за стимулирање и зајакнување на фината моторика која придонесува кон реализирање на училишните и секојдневните активности на начин кој делува природен и лесен.

Притоа примената на активности од мануелен карактер воедно го насочува фокусот кон истовремено зајакнување на визуелната перцепција, координацијата око –рака, вниманието, концентрацијата, постигнување на поголема прецизност, осознавање на основната намена на предметите и нејзино проширување во различен контекст, делува на намалување на емотивната лабилност  и стекнување трпеливост, смиреност, истрајност во започнатото, но допринесува и кон градење на стратегии за изнаоѓање начини и решавање на проблемски ситуации...

Едноставно развојот на моторика е поврзан со развојот и надоградувањето на когнитивните капацитети и емотивни вештини.

## СО ТРПЕНИЕ ЗА СЕ СЕ НАОЃА РЕШЕНИЕ

Со погледот моли, со устето кажува дека не може да продолжи со пишување бидејќи рачето го боли.

И продолжува Соник да негодува, ова за него е голема мета, но започната задача да остане нерешена навистина е штета. За да ја зајакне мускулатурата на прстињата Реника му даде да премотува касета.

На активноста Реника и најде замена, на моливот му даде друга намена.

Со него лентата ја врти во круг, почнува кон лево но увидува дека е точен правецот друг.

Така и касетата доби намена со поинаква слика од онаа основната која и е поврзана со слушање на музика.

"Погледни подлабоко во природата и тогаш сѐ подобро ќе разбереш." - Алберт Ајнштајн.

"Сонцето е вкусно, дождот е освежувачки, ветрот нѐ засилува, снегот нѐ восхитува. Навистина, не постои лошо време, туку само различни форми на доброто време." - Џон Рускин.

Една од основните психички појави неопходни за секојдневно и успешно функционирање на човекот, претставува вниманието. Тоа овозможува фокусирање и сосредоточување на нашето однесување и ментална активност кон многубројните предмети, личности, појави и настани во непосредното опкружување. Неизбежна е неговата присутност во апсолутно секоја активност која ја превземаме, независно од возраста во која се наоѓаме. Одржувањето на вниманието е условено од најразлични надворешни фактори кои се однесуваат на карактеристиките на дразбите кои допираат до нас, но и од нашите субјективни искуства, желби, потреби, емоции, ставови и интереси.
Почнувајќи од најрана возраст, децата задоволувајќи ја потребата за љубопитност, постојано го насочуваат своето внимание кон предметите и ситуациите кои ги привлекуваат. Намерно, свесно, насочено пристапуваат кон дадена активност, но честопати и најмалата дефокусираност ги води кон преориентирање на вниманието во сосема друг правец. Секојдневно родителите и лицата кои работат со деца, се соочуваат со прашањето како да се привлече и подолго да се задржи вниманието, со цел реализирање на започнатите активности до крај.
Најлесен начин за одржување на подолготрајно внимание се постигнува кога на децата им се задаваат задачи кои ќе ги реализираат преку игра. Така преку еден забавен пристап се вежба процесот на внимание и концентрација, а истовремено се осознава и се проширува видикот на знаењата и вештините.
Изнаоѓањето начини за насочување на вниманието кон потребите и начините на функционирње кои се својствени за детето како индивидуа овозможува креирање на работни услови кои вродуваат со продуктивност. Зајакнувајќи ги карактеристиките на вниманието односно концентрацијата и еластичноста кои го изразуваат степенот на ориентираност и способноста за сосредоточеност на менталната активност од една на друга дразба допринесува кон елиминирање или намалување на состојбата на деконцентрираност проследена со елементи на опсесивно компулсивно однесување, манифестирање на репетативни и стереотипни начини на однесување.
Воедно односот кон ваквите однесувања од детето неопходно е да се сфати како знак кој укажува на случувањата во неговиот внатрешен свет и следствено на тоа да се пронајде начин за нивно ублажување наместо да се потенцираат и етикетираат со критички тон како нешто непосакувано.

## СО НАСОЧЕНО ВНИМАНИЕ ДО ПРОДЛАБОЧЕНО СОЗНАНИЕ

Кога некое училишно градиво Соник потешко го сфаќа, тогаш почнува силна вознемиреност да го фаќа. Почнува да вади се што има во училишното кутивче, од тетратката го кине и гужва испишаното ливче. Времето од часот воопшто не го штеди, непотребно се од ранецот вади, па повторно назад во него книгите ги реди. На оваа однесување импулсивно и деструктивно, Реника смисли решение конструктивно.
На боичките, фломастерите, книгите им залепи броеви од еден до десет.  Па ја продолжува својата активност Соник, но со нов облик.
Кој фломастер ќе го стави во кутивчето следен, внимателно Соник ги подредува според нивниот број реден, а овој облик на работа во училиште станува едукативен и вреден.

"Одморањето не е неподвижност. Да лежите на трева под едно дрво во еден летен ден, да слушате како водата жубори или да гледате како облаците пловат на небото, во никој случај не може да се смета за губење време." - Џон Лубок.

Едно од главните својства на структурата на личноста покрај карактерот, темпераментот, способностите претставуваат и индивидуалните интересирања за коишто поединецот изразува афинитети. Децата се одликуваат со изразена карактеристика на љубопитност која се забележува уште од нивната најрана возраст, кога изразуваат склоност да ги допрат и осознаваат предметите кои им се наоѓаат на дофат на нивното раче, во видокругот на нивниот поглед.
Низ својот развоен процес кон што ќе ги насочат своите интересирања е условено од голем број фактори тргнувајќи од родителите како првични модели во обликувањето на однесувањето на детето па се до околностите во кои делуваат, карактеристиките на групите во кои припаѓаат по различна основа.
Препознавањето, изразувањето на поддршка и овозможувањето на оптимални услови во кои детето ќе ги изразува и манифестира своите интересирања е од клучно значење во работењето со нив. Чувствувајќи се мотивирано да ги реализираат активностите кои се предмет на нивно интересирање ја зајакнуваат својата самодоверба, а со тоа ја градат улогата на креатори и активни чинители во сопствениот и општествениот контекст на егзистенционирање. Воедно го зајакнуваат карактерот чие оформување е условено пред се од животното искуство и делување, и учат како да го насочат својот темперамент во конструктивен и продуктивен правец и покрај тоа што тој претставува нивна внатрешна диспозиција.

## ОДНЕСУВАЊЕТО Е ОБЛАГОРОДЕНО КОГА НА ЛИЧНИТЕ ИНТЕРЕСИРАЊА Е ПРИЛАГОДЕНО

Рачето на Соник бара, почесто да одмара.
На ова Реника вади "волшебно" топче и започнува со своето образложение, дека и за оваа негова мака има вешто и полезно решение.
За да премине во пишувањето на повисока стаза треба само со ова топче да направи една кратка масажа.

...

Штом слуша музика, од среќа неговото лице почнува да блика.
Полесно го открива својот таен свет кога почнува да игра балет.
Тогаш стиховите од песната почнува да ги пее, не е она дете кое седи и во молкот тлее.

...

Кога на редовниот час кон активностите се зголемува процесот на невнимание, Реника со Соник предвреме го отпочнува часот за физичко образование.
Така полесно ќе одржат конструктивност, преку примена на физичка активност. Во салата меѓу плочките од подот, мерејќи го со своите чекори нивното растојание, броејќи го зголемува математичкото сознание.

Па преминува и на една нога скока, така на уште еден начин утврдува колку салата е широка.
Понекогаш ги зема и тропка, на англиски кажува за кој спорт е секоја топка.
А со оваа активност "се одмотува и вербалната топка", кажува како играјќи во дворот фудбал со својата сестра, во соседството видел некоја невеста.
Продолжува и кажува како се грижи за својата мачка, а дома кај нив баба му била главна "готвачка"...

"Учењето никогаш не го исцрпува умот." – Леонардо да Винчи

Учењето претставува психички процес на усвојување знаења, вештини, способности со кои се стекнуваат искуства од есенцијално значење, и се делува на зајакнување или промена на веќе постоечките и усвоени обрасци на однесување. Гледано од психолошка перспектива процесот на учење претставува релативна промена на дејствувањето на единката под влијание на индивидуалното искуство и општественото условување.
Теоретската перспектива нуди поширок спектар на поделба која се однесува на учењето во зависност од аспектот од кој се разгледува, односно од видот на знаење и начинот на кој се усвојуваат. Всушност секојдневно свесно или несвесно секоја индивидуа стекнува многубројни форми на знаења и искуства. Од самото свое раѓање детето усвојува разни обрасци на однесување кои го трасираат патот кон самостојно егзистенцирање и делување во општествениот контекст. Тргнувајќи од најмала возраст на усвојување на вештини со кои се движи и го спознава просторот односно го проширува спектарот на процедурални вештини, до развој на вербалниот говор преку кој се изразува и се оформува како социјално битие. Сите овие форми на знаења стекнати на неформален начин се збогатуваат низ усвојувањето на фактографски информации кои се одлика на формалниот процес на образование кој е својствен за училишната средина како институција од воспитно –образовен карактер. Најчесто во образовниот систем во нашето општество доминира пристапот од универзален карактер кој најповеќе одговара на просечната популација, секако во насока да се пристапува со временска економичност во реализирањето на наставниот час, но ваквиот облик на дејствување во "споредна рамка" ги става индивидуалните потреби на детската индивидуа која ја носи улогата на ученик. Индивидуализираниот пристап кој е во насока на препознавање на потребите на детето и изнаоѓање на соодветен начин кој одговара на неговите можности во комбинација со интегративниот пристап проследен со поврзување на содржините помеѓу предвидените наставни предмети претставува начин кој се одразува продуктивно и вродува со поволни и позитивни резултати секако со првична и основна намера во корист на ученикот. На овој начин учењето станува процес на усвојување на знаења и вештини со кој се минимизира впечатокот на формалност кој е присутен во класичниот метод на настава.

## НИЗ СОДРЖИНСКА ИНТЕГРАЦИЈА ДО ЕМОТИВНА САНАЦИЈА

Дури се обидува да чита, со ножињата под клупата вознемирено рита, одвреме на време со погледот скита.
Како да го одржи своето внимание насочено, кон она што како активност му е на час посочено.
Со носето дува, тогаш му текнува се нешто како од училница да излегува, како устата му е сува па вода многу му се пие, изморен е почнува и да му се спие.

...

Во училницата влезе мува а Соник кон неа погледот од активноста го дистанцира, Реника и ова како корисна активност ја афирмира, со содржината по Природни науки ја интегрира.
Секоја прилика како конструктивно да ја искористи, за неа што позитивно носи мисли.
И ова однесување е сосема во ред, дозволува да го следи нејзиниот лет. Ја исполнува неговата желба но во својот нотес забележува "двојна берба".
Дури Соник следејќи ја мувата во своето движење, вниманието и концентрацијата свои ги зајакнува, истовремено одговори за нејзините карактеристики кажува.
На прашањето од Реника под мустак се смешка: вели дека ниту е птица, ниту јаде пица и навистина при одговарањето устата му е сува, но знае дека во групата на инсекти влегува.
По големина ја одредува како мала, дури на Реника и вели повторно ми правиш шала.

"Најважната работа не е некое големо откритие што другите го сфатиле за вас, туку оние мали мисли што ви доаѓаат сами... Не постои погрешно мислење. Постојат мисленја што не се сложуваат со нашето." – Харуки Муриками

Мислењето е когнитивен процес кој овозможува обработка и регулирање на информациите, односно го претставува текот на свеста на еден поединец преку кој се доаѓа до изнаоѓање решенија за одредени тематики кои се перцепираат како проблемски ситуации во конкретен контекст. Основна компонента на овој сознаен психички процес се концептите и менталните мисловни слики.
За да ефикасно и продуктивно функционира поединецот во светот исполнет со многубројни дразби, тој врши поедноставување преку класификување на предметите и појавите во концепти, односно ги групира според одредени заеднички својства и карактеристики.

## МИСЛОВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НИЗ ВИЗУЕЛНО ПОТТИКНУВАЊЕ

На секој лист цртежи во тетратката на Соник, но секои подготвени за активност во различен облик.
Што во групата на посочени предмети не припаѓа, со боичка Соник заокружува така мисловниот процес си го поттикнува.
Кој дел од предметот недостасува со моливче Соник го доцртува.
Па започнува да прави реченици на дадена тема водејќи се од посочената визуелна шема.
Наизменично со Реника кажуваат предмети со намена спротивна, и активноста со асоцијации за зајакнување на мислењето е продуктивна.
Низ сите овие активности Соник е опуштен и вербално дискутира, затоа што на неговите интересирања Реника содржините му ги адаптира.

"Оние што читаат книги живеат иљадници животи пред  да умрат."

Читањето како сознаен процес започнува кај секој поединец уште од најмала возраст, како основа преку која понатаму се поставуваат темелите на успешно самостојно учење и поттикнување на мисловниот тек. Читањето ни овозможува осознавање на значењето на предметите и појавите од нашето непосредното опкружување. Преку поставување во улогата на ликовите од текстот развиваме свесност за видовите емоции и нивното значење во секојдневното живеење.
Во буквална смисла читањето се однесува на препознавање и поврзување на значењето на пишаниот збор со изговорениот. Основа за развојот на овој процес претставува брзината на усвојување на говорот и флуентноста во неговото изразување. Оттука и динамиката на читањето произлегува и се надоврзува на развојните и индивидуалните карактеристики на самото дете.
Многумина читањето го поврзуваат со тргнувањето во училиште, но реалноста е дека тоа започнува многу порано. Читањето започнува уште во предучилшна возраст и минува низ неколку фази.
Првата фаза се состои во визуелно перцепирање на зборовите кои детето ги регистрира како симболи и најчесто се однесуваат на имиња на некои производи, поими и предмети. Во оваа етапа детето напамет и глобално го учи значењето на зборот кој го поврзува по боја, форма, позадината - каде и како е претставен. Независно што изостанува поврзувањето на гласот со знаковниот симбол – буква, оваа е значајна и воведна фаза во читањето. Затоа е неопходно во секојдневието на детето да бидат присутни во поголема мера сликовници и книги, кои покрај со пишан збор ќе изобилуваат и со визуелни претстави кои детето ќе може да ги поврзува едни со други, а воедно и да го проширува својот речник на зборови.
Карактеристично за втората фаза од развојот на читањето е создавањето на т.н фонолошка свесност кај детето. Таа подразбира развој на свесност дека реченицата претставува целина која се состои од повеќе зборови, зборовите се расчленуваат на слогови кои пак се составени од неколку гласови/фонеми. Со цел поттикнување на фонолошката свесност како клучна алка за усвојување на следното ниво на читање и нејзино зајакнување, пожелно е употреба на рима во изразувањето. Преку римата се олеснува и проширува усвојувањето на повеќе зборови со различно значење кои меѓу себе имаат гласовно совпаѓање .
Во следната фаза детето го совладува фактот дека секој глас има свој визуелен симбол наречен буква, со што започнува и развој на вештината за декодирање.
Неминовна е појавата на тешкотии при совладување на читањето која се јавува во форма на промена на редоследот на буквите, испуштање или додавање на некоја буква, неможност за брзо изговарање на новите и повеќесложни зборови и сл. Со континуирано вежбање се продлабочува и зајакнува вештината на читање, која во зависност од интересирањата и карактеристиките на детето се развива со различно темно и интензитет.
Клучен аспект при процесот на читање е да се излезе од рамката на автоматско, механичко поврзување на буквите и препознавање на зборовите и да се поттикне мисловниот тек преку кој ќе ѝ се даде значење и смисла на прочитаната содржина. По читањето поставувањето на прашања од типот „Кој? Што? Каде? Кога?“ се алка која ќе ни даде слика колку детето ги има воочено деталите од текстот, кои би требало да ја објаснат појдовната идеја, причинско-последичните односи и редоследот на случувањата во него.

## КОГНИТИВНО – ЕМОТИВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НИЗ ФОРМА НА ПАСИВНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ

Реника во тетратката на Соник цртежи од животинки, овошки, зеленчуци... реди, како подготовка за активноста за часот по македонски јазик што следи.
Сега Соник е на ред, за почеток да каже претставениот предмет како се вика, па да продолжи со подетален опис на секоја слика.

А штом завршува со ова вербално изјаснување, следува дел од часот исполнет со пишување.
Реника буква по буква зборот од цртежот го диктира.
Соник ја следи и запишува, а кога за некоја буква мозочето ќе му "секне", Реника му потпомага побрзо да му текне.
Потоа секој напишан збор буква по буква го кажува, кон цртежот кој го означува предметот со прстето покажува.
Колку секој збор има во себе букви и слогови брои, па продолжува секоја буква во посочената боја да ја заокружува или бои.

...

А понекогаш кога Соник во вакви активности помалку сака да зборува, Реника и оваа препрека ја покорува.
Буквите од сите именки, ги пишува на малечки лепенки.
Па Соник со погледот внимателно низ нив разгледува, кога ќе ја пронајде лепенката со буквата што во зборот следи во тетратката ја подредува.
Со оваа форма на пасивно пишување што на часот ја изведува, чепкајќи ги лепенчињата и вештината на фина моторика Соник си ја унапредува.
И пошироко има влијание, ги зајакнува концентрацијата, визуелната перцепција, координацијата око-рака и гради насочено внимание.

